КРСТЕ РИСТЕСКИ

# АКТУЕЛНИ АСПЕКТИ НА ПСИХОЛОШКО-ПРОПАГАНДНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРОТИВ СФРЈ

Нашата земја и нашето општество, како што тоа често го истакнуваше другарот Тито, не живее во некој вакум, надвор од времето и просторот, туку во реалностите на современиот свет, кој е денес оптоварен со длабоки општествени противречности, немири, судири и кризи. Општото влошување во меѓународната економска, политичка и безбедносна ситуација во светот, како и неповолните економски движења и познатите слабости со кои се соочува нашето општество во последниве неколку години, доведоа до засилена ескалација и сè поизразено дејствување на антикомунистичките и антисамоуправните сили чија стратегиска цел е да се оспори самоуправната програмска ориентација на нашето општество, да се создава недоверба спрема идеологијата и практиката на социјалистичкото самоуправување, и да се оневозможат и блокираат сите мерки и акции што ги презема нашето државно и партиско раководство за излегување од неповолната економска состојба.

Идеолошкиот фронт како основно подрачје на дејствување на антисоцијалистичките и антисамоуправните сили и идеолошко-политичката индоктринација како основен метод и средства за остварување на поставените цели, се насочени кон сите структури на нашето општество, но под посебен удар на оваа индоктринација најчесто се наоѓаат младите, а особено студентската младина, како општествена средина подложна на прифаќањето „нови идеи“. Ваквите состојби најдиректно се одразуваат врз идејните движења на Универзитетот и факултетите и наметнуваат потреба од постојана акција на сите организирани социјалистички сили во борбата против овие контрареволуционерни сили со кои се прави обид да се разградат темелите на социјалистичкото самоуправување кај нас, како единствена алтернатива за човечката еманципација низ процесот на економско ослободување на трудот.

Антикомунистичките идеологии што се присутни во нашето општество, всушност, се дел од светско-историскиот класен судир и дел од општата империјалистичка стратегија насочена против социјализмот како светски процес, околу која се собираат сите можни

Објавено во Годишник на Правниот факултет во Скопје, том XXXI, 1986.

сили на кои им е во интерес да се запре процесот на дејствувањето на историските законитости во развојот на светот и неговото менување. Поради тоа, таа идеологија има изразено класен белег и не само што е спротивна на идеологијата на работничката класа, туку и непријателски е расположена спрема неа.

Антисамоуправните идеологии, било оние што дејствуваат од граѓански позиции или од позиции на етатистичкиот концепт на социјализмот, се исто така непријателски насочени против идеологијата на работничката класа и нејзиниот автентичен израз во идеологијата на СКЈ и неговата програмска и идејно-политичка стратегија.

Првите (антикомунистичките идеологии), можноста за остварување на своите цели ги гледаат во повеќепартискиот систем од граѓански тип на демократија и политичка организација на општеството, додека вторите (антисамоуправните идеологии) таквата можност ја гледаат во подржавувањето и бирократизирањето на сите форми на одлучување, централизирање на сите политички процеси и превласт на државното диригирање. Овие идеологии како своја основа го земаат или капиталистичкиот однос, или државно-сопственичкиот монопол, што се, всушност, само различни варијанти на експропријацијата на економската и политичката моќ на работничката класа и негација на општествената сопственост врз средствата за производство и условите за работа. Овие два концепта на политичкото организирање на општеството и покрај релативната самостојност, во конкретната идејно-политичка борба, како што е случајот кај нас, можат да се најдат на исти позиции и покрај сите разлики во филозофските и идејните основи врз кои се засновуваат.

## ИДЕОЛОГИЈАТА КАКО ПРЕОБРАЗЕН ВИД НА КЛАСЕН СУДИР

Судирот на идеологиите и нивните носители во современиот свет има изразено класен белег, зашто тој судир извира од поделеноста на современото општество на свет на трудот и свет на управување со средствата и условите на трудот.

Со оглед на својата објективна општествена положба современата работничка класа сè повеќе наоѓа свои сојузници во производствените односи кај широките слоеви и носителите на интелектуалниот труд кои се изложени во експлоатација, со што ја заострува класната борба, зашто, речиси сите тешкотии и огромните материјални издатоци за развој и воспоставување на модерната технологија во развиените земји се настојува да се префрлат врз „грбот на производствениот состав“ и на тој начин да се обезбеди конкурентската способност на одделни национални капитали, монополи или национални економии. На тој начин идејната борба во класните општества има своја материјална основа во монополите на економската моќ, кои, преку идеолошка борба и идеолошко влијание настојуваат да остварат владејачки систем на општествени вредности и со тоа да го легализираат и заштитат системот на експлоатација и потчинување.

Бирократско-етатистичкиот тип на социјализам, исто така, не е лишен од некои форми на класна борба, иако во него не се јасно изразени класичните форми на класна борба. Имено, основата на идеологијата на етатизмот ја чини државно-сопственичкиот монопол врз средствата за производство и централистичкото управување со вишокот на трудот. Во овој тип производни односи се поларизира општествената свест на произведувачка и управувачка, се задушува афирмацијата на интересите и потребите на работничката класа, од што и произлегува појавата на отворени или придушени идеолошки судири меѓу работничката класа и нејзе блиските слоеви и општествени групи кои живеат од сопствениот труд, и осамостоените и од работничката класа отуѓени управувачки структури, кои навистина не се класа, но како привилегиран дел од општеството се носители на тенденциите за конзервирање на постојната состојба, со што фактички се блокира процесот на ослободување на трудот од секакви монополи и узурпации.

Сево ова укажува дека идеолошкиот комплекс на современиот свет, чиј составен дел е и нашето општество, е мошне сложен и противречен, а бројните идеолошки струи и концепции се всушност само мисловен израз и преобразен вид на некои односи во материјалната сфера и животни интереси на определени класи и социјални слоеви кои на организиран начин се борат тие свои интереси да ги остварат преку идеолошка борба.

## БОРБА ЗА „ДУШАТА" НА ЧОВЕКОТ

Во сложената технологија на психолошко-пропагандното дејствување како една од најзначајните компоненти на специјалната војна воопшто, па и спрема СФРЈ, на идеолошко-политичката индоктринација на населението, а особено на младината ѝ се придава исклучително големо значење и се смета за основен стратегиски концепт на блоковските сили во нивната ривалска борба за светска хегемонија. Во тој поглед се развиени бројни теории со кои се настојува да се докаже дека во нуклеарната ера во конфронтацијата меѓу Исток и Запад борбата за „душата" на човекот е најважното подрачје на борба. Тргнувајќи од овој генерален став, еден западногермански теоретичар вели: „Неопходно е да се искористат сите средства на современата пропаганда и вештите методи на психолошка борба за на социјалистичките земји да им се наметне нашиот морал и нашата идеологија, користејќи ги притоа националните разлики, верските предрасуди, човечките слабости, зависта, женската суета, стремежот кон разни задоволства и слично. Неопходно е да се развива индиферентност спрема целите на комунистичкото раководство, а економските, моралните и другите тешкотии треба на населението да им се прикажуваат така што ќе го наведат на пасивен отпор и саботажа. Ако пак државата презема некои чекори против своите отпадници и дисиденти, неопходно е, од една страна, да се предизвикува сожалување кон жртвите на комунистичкиот режим,

а од друга страна, незадоволство спрема комунистичкиот систем". Овие ставови и методи не е тешко да се препознаат во секојдневната психолошко-пропагандна активност на Запад и во однос на нашата земја.

За ставот на Исток во однос на ова подрачје на борба и конфронтација мошне е индиктивно искажувањето на В. М. Фалин, прв заменик на началникот на Одделението за интернационални информации при ЦК КП СССР на советувањето на тема: „Масовните медиуми и пропагандата во борбата против граѓанската идеологија и идеолошката диверзија на империјализмот", на кое, тој најпрвин констатира „дека идеолошката борба не мора задолжително да прерасне во психолошка војна и да се користи како средство на мешање", за веднаш потем да го каже и следново: „Методите и технологијата за пробивањето во духовниот свет на луѓето, формирањето на нивниот поглед на светот, на нивните позиции спрема различните прашања од општествениот живот се применуваат со изразена жестина. Покрај сите разлики во пропагандата и информативната политика (се мисли во однос на САД и Запад), ние не можеме да бидеме рамнодушни спрема тоа како ќе биде идејно насочено население на САД, другите западноевропски земји, а особено на Кина, кои идеи луѓето ќе усвојуваат, кои погледи и кои морални вредности. За одговорот на прашањето како ќе изгледа нашава планета по пет, десет, или дваесет години, исклучително е важно во кој правец другите народи ќе бидат идејно насочени — како наши идни партнери, или како противници . . .".

Изложените ставови на Фалин имплицираат најмалку три основни заклучоци: прво, дека светот во иднина ќе изгледа зависно од тоа како другите народи ќе бидат идејно насочени, а не само народот на Советскиот Сојуз, второ, другите народи можат да бидат идејно насочени така што можат да бидат партнери или сојузници на СССР; трето, за СССР, е особено важно како ќе биде насочено населението на САД, другите европски земји и НР Кина. Само по себе се подразбира дека ваквите глобални цели во сферата на идеолошката борба и конфронтацијата со идеологиите спротивни на идеологијата на СССР не може да се замисли без исклучителна офанзивност на советското психолошко-пропагандно и друго дејствување и тоа во глобусни размери, а Југославија со својот самоуправен социјалистички систем и самоуправна идеологија не е надвор од тој глобус.

Со оглед на улогата и значењето што на идеолошко-политичката индоктринација на населението ѝ се придава во глобалната стратегија на водечките блоковски сили и нивните воено-политички групации, од стојалиштето на безбедноста на Југославија и можните идеолошки и други притисоци и влијанија врз нашиот социјалистички самоуправен систем и неговата стабилност, посебно треба да се истакне трајната и цврста антикомунистичка ориентација на САД и нејзините сојузници од НАТО пактот. Антикомунистичката насоченост на американската надворешна политика дефинирана е уште во четириесеттите години во однос на крајната цел — укинување на

комунистичките системи на владеење во која и да е земја — до денес не е битно изменета. На тоа упатува и радикализацијата на антикомунистичката ориентација на сегашнава администрација со претседателот Реган на чело. Имено, уште во предизборната кампања на советувањето на Регановиот изборен штаб, што беше одржано во Санта Фе 1980 година, дотогашната Картерова стратегија на подривање на комунизмот со кампањата „за човечките права", идниот кандидат за претседател на САД толку ја радикализира што претскажа „завршување на комунизмот на буништето на историјата". Во своето досегашно дејствување на меѓународната сцена претседателот Реган не само што со ништо не ја доведе во сомневање таквата негова намера, туку покажа дека има цврста политичка волја таа намера и да ја оствари. Посматрано во тој контекст не е тешко да се согледа стратегискиот и политичкиот курс на САД, па и целиот западен блок, спрема Југославија и нивниот однос спрема внатрешните антикомунистички и антисамоуправни сили.

Идеолошкиот судир на релацијата самоуправен социјализам — државен социјализам, за разлика од идеолошкиот судир меѓу идеологијата на социјализмот и буржоаската идеологија не се манифестира во поглед на крајната цел — изградбата на комунистичко општество — туку во поглед на патиштата и средствата со кои се остварува таа цел. Разликите се, всушност, во доктрините за остварување на истата цел. Централно место во несогласноста меѓу овие две доктрини се погледите за улогата на државата во процесот на социјалистичката изградба и во тесна врска со тоа, прашањето за карактерот на сопственоста. Сталиновата опсесија за решавачката улога на државата во сите области од општествениот живот доведе до една апсолутна теза дека „државата одумира во онаа мера во која таа јакне". Наспроти ваквата идеолошка концепција нашата идеолошка концепција на социјалистичкото самоуправување ја негира таквата улога на државата во општествените односи. Нејзината суштина се изразува во поопштествувањето и суштинското демократизирање на сите области од општествениот живот и воспоставување вистински општествено-своински односи без посредување на државно-управувачката бирократија.

Во земјите на т.н. реален социјализам врз самоуправувањето како модел на општествени и продукциони односи се гледа како врз некоја далечна цел што е несогласна со сегашните општествено-историските услови, поради што самоуправната теорија и практика кај нас се третира како ревизионизам.

Имајќи ги предвид суштествените разлики во идеолошките концепции на блоковските сили, од една страна, и нашата самоуправна теорија и практика, од друга страна, како и фактот што социјалистичкото самоуправување кај нас е битна детерминанта на сите наши активности и нашето однесување како во однос на прашањата за внатрешниот развој, така и во меѓународните односи, антикомунистичките и антисамоуправните сили во светот и земјата настојуваат да го пренасочат таквиот развој на Југославија и со тоа да создадат услови за менување на вкупната општествена состојба. Со тоа

самоуправувањето како општествен и продукционен однос би се компромитирало и би се покажало само како неуспешен југословенски експеримент и би се отстраниле можните импликации на „заразниот“ југословенски пример.

### УДАР ВРЗ ОСНОВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА НАШИОТ СИСТЕМ

Како што веќе констатиравме општо влошување во меѓународните односи и неповолните економски движења и други слабости во нашето општество доведоа до ескалација на непријателското дејствување против СФРЈ, како од страна на надворешниот фактор, така и од страна на внатрешните непријателски сили. Во тој поглед идеолошко-политичката пропаганда претставува најширок и најизразен облик на дејствувањето на внатрешните и надворешните непријателски сили. Под удар на оваа пропаганда се наоѓаат сите придобивки од револуцијата и сите наши општествени вредности — од самоуправувањето, политиката на неврзување, братството и единството на нашите народи и народности, концепцијата на општонародната одбрана и општествена самозаштита до принципот на колективното раководење и делегатскиот систем. Главна цел на овие напади е политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување. Самоуправувањето како модел на општествено-политички односи се напаѓа како од крајно десни, така и од крајно леви позиции.

Поттикнат од напливот на разни непријателски групи и поединци и нивните антисоцијалистички и антисамоуправни акции западниот печат на овие опозициони групи во Југославија им дава исклучително голем публицитет, при што тие дисиденти не мораат да бидат изразено антикомунистички обоени — се смета дека уште подобро ако се „хуманистички“ ориентирани. Акциите на поддршка на дисидентите се поврзува со „кампањата за човечките права“, поради што мошне се зачестени барањата на разни опозициони групи да им се дозволи покренување на свои јавни гласила, потоа појавата на разни декларации и „трибини“ на кои можат да се чујат заговорници и толкувачи на сите можни идејни стремежи, за, како што велат тие, нашата младина да не остане „неинформирана“ за идејните движења во светот.

Во однос на нашата надворешнополитичка ориентација и концепцијата на општонародната одбрана и општествената самозаштита, видливи се усилбите на непријателската пропаганда да посее недоверба, особено кај младата генерација, во поглед на можноста да се зачува независната позиција на Југославија и можноста на нејзината одбрана со потпирање врз сопствените сили.

Како што ниедна војна во човечката историја не можела да се одвива без зафаќање на некои елементи од областа на духовната култура, така и водењето на специјалната војна во современите услови не може ни да се замисли без сфаќање и пробив во сферата на духовната култура. Напротив, може да се каже дека во специјалната војна токму оваа сфера се смета за посебно привлечно подрачје

и поволна потпорна точка за пробив и собирање на силите на контрареволуцијата. Во тој поглед мошне е распространето мислењето според кое културата, просветата и науката сами по себе се поволна сфера за инфилтрација и дејствување на непријателските сили, при што се поаѓа од фактот што овие подрачја по својата природа повеќе се отворени спрема светот одошто другите области од општествениот живот. Тргнувајќи од ваквите оценки, стратезите на специјалната војна против СФРЈ својата активност посебно ја насочија токму на подрачјето на културата, науката и образованието, што посебно дојде до израз со контрареволуционерните настани на Косово. Оваа сфера заедно со идејно-политичката, се покажа како мошне поволна за примена на методот на тотална антијугословенска индоктринација на Косово.

Актерите на специјалната војна против СФРЈ во однос на дејствувањето во областа на културата, науката и образованието, особено сметаат со повеќенационалниот состав на нашата земја, а поуките во тој поглед се недвосмислени. Сите досегашни пробиви во културите на нашите народи и народности непријателските сили ги искористија за предизвикување национална нетрпеливост, разбивање на братството и единството, нарушување на самоуправните односи и слично. Оттука е и разбирливо што овие сили настојуваат да се инфилтрираат особено во средствата за јавно информирање за да можат преку нив да ја „моделираат" свеста и однесувањето на нашите луѓе.

### ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛСКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛСКАТА ПРОПАГАНДА

Офанзивното антикомунистичко и антисамоуправно дејствување на внатрешните и надворешните непријателски сили, кое е засновано главно врз искористување на некои заблуди и деформации во развојот на социјализмот во светот воопшто, како и врз некои познати слабости и деформации во развојот на нашето општество, и покрај сета сериозност што напливот од туѓи идеологии и влијанија може да го има за стабилност на системот, таквото дејствување кај огромното мнозинство на нашите народи и народности, а особено кај работничката класа и социјалистички ориентираната младина, не може да ја доведе во прашање супериорноста на марксизмот како револуционерна теорија за менување на светот и супериорноста на програмската ориентација на СКЈ спрема социјалистичкото самоуправување во однос на сите други идеологии на граѓанското општество или на општеството на етатистичкиот социјализам. Тоа е, секако, една од најзначајните претпоставки за успешна борба и спротивставување на субјективните сили кај нас и тоа од повеќе причини. Имено, идеологијата на СКЈ, како идеологија на работничката класа со својата програмска ориентација кон самоуправен социјали-

зам дава сегашен одговор на проблемите на човекот во современото општество и со својата реализација во практиката потврди дека е можна човечката еманципација во социјалистичкото самоуправување и, дека е можно и државата и политичката организација да бидат средство на таа еманципација, а не сила над луѓето и нивната слобода. Идеологијата на СКЈ тргнува од тоа дека државата и партијата и сите други форми на политичкото организирање на државата мора да бидат потчинети на процесот за економско ослободување на трудот и дека тие можат да се одвиваат само врз основа на сè поголем и сестран развој на производните сили и нивно научно-технолошко усовршување во чии рамки се реализира и човековата творечка личност.

Ова се само некои елементи од кои може сосема јасно да се види супериорноста на идеологијата на СКЈ во однос на сите други идеологии што ги лансираат антисоцијалистичките и антикомунистичките сили, од што јасно произлегува дека нашето општество и нашите луѓе располагаат и со теорија и со развиени идеолошки средства за успешна идејна борба против антисоцијалистичките и антисамоуправните идеологии. Тоа сознание е мошне значајно во овие услови на офанзивно дејствување на антисоцијалистичките и антисамоуправните сили, кои со бројни средства и методи на психолошко-пропагандното дејствување настојуваат да докажат дека „марксизмот", па според тоа и идеологијата на СКЈ „ги испразниле своите акумулатори".

Но, сево ова е само претпоставка за успешно спротивставување, а за една таква претпоставка да може да се реализира неопходна е конкретна општествена акција на сите организирани социјалистички сили во смисла на идејнополитичко и теоретско оспособување на сите структури на општеството, а особено младината и отстранување на бројните слабости во нашето општество кои служат како „доказ" на идејните пораки на непријателските сили од сите бои.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Јосип Броз Тито, за братството и единството. Марксистичка библиотека „Младост", 1977 година.
2. Сојузот на комунистите во борбата против либералистичките и другите антисоцијалистички и антисамоуправни тенденции. Избор на текстови, Белград, Марксистички центар, 1981 година.
3. Програмата на Сојузот на комунистите на Југославија.
4. Д-р Слободан Димишковски, Воената политика на суперсилите и неврзаните земји, „Комунист", 1985 година, Скопје.

*KRSTE RISTESKI*

# CURRENT ASPECTS OF PHYCHOLOGICAL PROPAGANDA AGAINST THE SFRY

SUMMARY

Due to the aggravated international relations and to the bad economic situation in our country, an escalation of psychological propaganda of anticommunist and antiself-management forces is felt. It is a part of the world-historical class struggle and a part of the common imperialistic strategy directed against the socialism as a world process and thus against our country.

All the structures of our society are attacked i.e. all our contributions from the Revolution and attainments in the development of our independent socialistic self-management society as well as our foreign policy with an aim at disputing self-management, at creating distrust in the ideology of the League of Communists of Yugoslavia, at thwarting the measures and activities undertaken by our state and party leadership for improvement of today's situation.

That's why, the leading block forces and their military-political groupings pay more attention to the ideological-political indoctrination of the population. But, although these actions are serious, it cannot be endangered the superiority of Marxism as a revolutionary theory for changing the world, of the programme orientation of the LCY, which represents an ideology of the working class and gives answers to the problems met by the worker in the contemporary society and as such this ideology represents a practical affirmation of human emancipation in the socialist self-management.